# ИНДЕКС НА ПЕРЦЕПЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА 2022

Оценки и рангирање на 180 држави и територии од целиот свет во однос на нивото на перцепција на корупција во јавниот сектор

# Индекс на перцепција на корупцијата (ИПК) 2022

- **Индексот на перцепција на корупцијата** ги бодува и рангира земјите/териториите врз основа на проценетата корупција во јавниот сектор на државата, од страна на експерти и бизнисмени.
- ИПК претставува **композитен индекс**, **комбинација на анализи и проценки на корупција**, собрани **од повеќе реномирани институции.**
- ИПК од 2022 се базира на 13 извори на податоци од 12 институции.
- Изворите на информации користени за ИПК од 2022 се базирани на податоци од претходните две години.

За да се пресмета ИПК,  се следат следните чекори:

1. Избор на изворите на податоци
2. Стандардизирани извори на податоци
3. Пресметување на просекот
4. Известување за мерка на несигурност

# 1. Избор на изворите на податоци

Секој извор на податоци кој се користи со цел пресметување на перцепцијата за корупцијата мора да ги исполнува следниве критериуми за да се квалификува како валиден извор:

- квантитативни согледувања за корупција во јавниот сектор
- да е базиран на веродостојна и важечка методологија, која ги оценува и рангира повеќето земји на иста скала
- да е изведен од кредибилитетни институции и очекувано регуларно да се повторува
- да им дозволува доволен број на варијации на резултатите за да се разликуваат земјите
- овозможува рангирање на значителен број на држави
- рангирањето е овозможено од страна на експерт од страна на државата или пак личност од бизнис секторот
- институцијата ја повторува проценката барем на секои две години

## 2. Стандардизирани извори на податоци

**Стандардизирани извори на податоци на скала од 0-100, каде 0 означува највисоко ниво на корупција, а 100 најниско ниво.**

Оваа стандардизација се врши на основа на средната вредност на податокот од секој извор во основната година од секој резултат на земјата и потоа со поделба со стандардното отстапување на тој извор во основната година.

По оваа постапка, стандардизираните резултати се трансформираат на скалата на ИПК

# 3. Пресметување на просекот

За некоја земја или територија да биде вклучена во ИПК, треба да има **минимално три извори кои се проценуваат**.

Тогаш, ИПК на земјата се пресметува како просек од сите стандардизирани резултати достапни за таа земја. Резултатите се заокружени на цели броеви.

**Едноставен просек на оценките**

**Секој извор  се брои подеднакво**

# ИПК 2022:
# Методологија

**13**
Извори користени за ИПК 2022

**11**
Извори обезбедуваат нови податоци

**2**
Извори не се ажурирани

**Ажурирани податоци:**

- VDEM
- World Justice Project Rule of Law Index
- PRS Group ICRG indicators
- Economist Intelligence Unit
- Bertelsmann  Sustainable Governance Indicators
- World Economic Forum EOS
- Freedom House Nations in Transit
- IMD World Competitiveness Yearbook
- PERC Asia Risk Guide
- Global Insights Country Risk Ratings
- World Bank CPIA

**Исти податоци како ИПК 2021:**

- African Development Bank CPIA
- Bertelsmann Transformation Index

| Country X | Score |
|---|---|
| World Bank | 61 |
| Bertelsmann Foundation | 63 |
| World Justice Project | 61 |
| Transparency International (BPI) | 65 |
| World Economic Forum | 65 |

**Држава X резултат= (61+63+61+65+65)/5 = 63**

# CPI 2022:
# Regional Averages

Average regional scores, with top and bottom performers in each region.



- **Среден резултат на ИПК 2022: 43/100**

- **2/3 од земјите имаат резултат под  50/100**



# CORRUPTION PERCEPTIONS INDEX 2022

## EASTERN EUROPE & CENTRAL ASIA

# 35/100

AVERAGE SCORE



| SCORE | COUNTRY/TERRITORY |
|---|---|
| 56 | Georgia |
| 46 | Armenia |
| 45 | Montenegro |
| 41 | Kosovo |
| 40 | North Macedonia |
| 39 | Belarus |
| 39 | Moldova |
| 36 | Albania |
| 36 | Kazakhstan |
| 36 | Serbia |
| 36 | Turkey |
| 34 | Bosnia and Herzegovina |
| 33 | Ukraine |
| 31 | Uzbekistan |
| 28 | Russia |
| 27 | Kyrgyzstan |
| 24 | Tajikistan |
| 23 | Azerbaijan |
| 19 | Turkmenistan |

SCORE

Highly Corrupt — Very Clean

0-9 | 10-19 | 20-29 | 30-39 | 40-49 | 50-59 | 60-69 | 70-79 | 80-89 | 90-100

No Data | Disputed Boundaries* | Lines of Control*

*The designations employed and the presentation of material on this map follow the UN practice to the best of our knowledge and as of January 2023. They do not imply the expression of any opinion on the part of Transparency International concerning the legal status of any country, territory, city or area or of its authorities or concerning the delimitation of its frontiers or boundaries.

TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

#cpi2022

www.transparency.org/cpi

This work from Transparency International (2022) is licensed under CC BY-ND 4.0

# ИПК 2022: На врвот

**Оваа година Данска се наоѓа на првото место со 90 поени. Потоа следат Нов Зеланд и Финска со 87, Норвешка со 84, и Шведска и Сингапур со 83 поени.**

| РАНГ | ДРЖАВА/ТЕРИТОРИЈА | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|
| 1 | Данска | 90 |
| 2 | Нов Зеланд | 87 |
| 2 | Финска | 87 |
| 4 | Норвешка | 84 |
| 5 | Шведска | 83 |
| 5 | Сингапур | 83 |



# ИПК 2022: На дното

**Сомалија се наоѓа на дното на индексот. Потоа следат Сирија, Јужен Судан, Венецуела и Јемен.**

| Ранг | Држава /Територија | Резултат |
|---|---|---|
| 176 | Јемен | 16 |
| 177 | Венецуела | 14 |
| 178 | Јужен Судан | 13 |
| 178 | Сирија | 13 |
| 180 | Сомалија | 12 |



TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

# CORRUPTION PERCEPTIONS INDEX 2022




#CPI2022

# ИПК 2022

## Република Северна Македонија

| Ранг | Резултат |
|---|---|
| 85/180 | 40/100 |



| Година | Позиција | Поени |
|---|---|---|
| 2022 | 85 | 40 |
| 2021 | 87 | 39 |
| 2020 | 111 | 35 |
| 2019 | 106 | 35 |
| 2018 | 93 | 37 |
| 2017 | 107 | 35 |
| 2016 | 90 | 37 |

Позиција на Македонија според ИПК




TRANSPARENCY INTERNATIONAL
the global coalition against corruption

10 years TRANSPARENCY INTERNATIONAL MACEDONIA

# МАКЕДОНИЈА
# ИПК 2022

| ИПК Македонија | Рангирање на Земјата | Поени | Користени истражувања | BF (BTI) | EIU | FH | GI | VDP | WEF | WJP |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2022** | **85** | **40** | **7** | **45** | **37** | **47** | **47** | **27** | **36** | **40** |
| 2021 | 87 | 39 | 7 | 45 | 37 | 47 | 35 | 30 | 35 | 41 |
| 2020 | 111 | 35 | 7 | 41 | 20 | 47 | 35 | 28 | 32 | 40 |
| 2019 | 106 | 35 | 7 | 41 | 20 | 47 | 35 | 28 | 32 | 42 |
| 2018 | 93 | 37 | 7 | 41 | 20 | 47 | 35 | 39 | 33 | 43 |
| 2017 | 107 | 35 | 6 | 41 | 20 | 47 | 35 | 24 | | 43 |

**Користени истражувања во 2022**

1. Bertelsmann Foundation TI – BF
2. Economist Intelligence Unit – EIU
3. Freedom House NIT – FH
4. Global Insight IHS – GI
5. Verities of Democracy Project - VDP
6. World Economic Forum EOS
7. World Justice Project Rule of Law Index

# НИВОТО НА КОРУПЦИЈА ВО РЕГИОНОТ ИПК-2017/2022

| ИПК 2017 Ранг | ИПК 2018 Ранг | ИПК 2019 Ранг | ИПК 2020 Ранг | ИПК 2021 Ранг | ИПК 2022 Ранг | Држава / Територија | ИПК 2017 Поени | ИПК 2018 Поени | ИПК 2019 Поени | ИПК 2020 Поени | ИПК 2021 Поени | ИПК 2022 Поени | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 34 | 36 | 35 | 35 | 41 | 41 | Словенија | 61 | 60 | 60 | 60 | 57 | 56 | -1 |
| 57 | 60 | 63 | 63 | 63 | 57↑ | Хрватска | 49 | 48 | 47 | 47 | 47 | 50 | 3 |
| 64 | 67 | 66 | 67 | 64 | 65↓ | Црна Гора | 46 | 45 | 45 | 45 | 46 | 45 | -1 |
| 71 | 77 | 74 | 69 | 78↓ | 72↑ | Бугарија | 43 | 42 | 43 | 44 | 42 | 43 | 1 |
| 77 | 87 | 91 | 94 | 96 | 101↓ | Србија | 41 | 39 | 39 | 38 | 38 | 36 | -2 |
| 85 | 93 | 101 | 104 | 87 | 84↑ | Косово | 39 | 37 | 36 | 36 | 39 | 41 | 2 |
| 91 | 99 | 106 | 104 | 110 | 101↑ | Албанија | 38 | 36 | 35 | 36 | 35 | 36 | 1 |
| 91 | 89 | 101 | 111 | 110 | 110 | Босна и Херцеговина | 38 | 38 | 36 | 35 | 35 | 34 | -1 |
| 107 | 93 | 106 | 111 | 87 | 85↑ | **Македонија** | 35 | 37 | 35 | 35 | 39 | 40 | 1 |

# ИПК 2022:
# ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ КОРУПЦИЈАТА И КОНФЛИКТОТ



# ИПК 2022:
# ШТО ВЕЛАТ ДОКАЗИТЕ?




Најголеми се шансите да избие конфликт во хибридни режими како резултат на институционалните слабости да го акумулираат политичкото незадоволство и одговорат на неправдите на ненасилен начин

- Целосните демократии имаат механизми да ги канализираат широките социјални барања (избори, консултации, итн.)
- Авторитарните држави се потпираат на строги корективни тактики да го одвратат или загушат незадоволството

Шансите за насилни конфликти помеѓу земјите се помалку веројатнио да се случат помеѓу демократски земји и кога нивото на корупција е ниско

# Источна Европа и Централна Азија

- *Просечниот резултат за Источна Европа и Централна Азија е 35 – помалку од глобалниот просек од 43. Иако подобрувањата во многу држави даваат надеж, регионот има долг пат за да се спротивстави на корупцијата.*
- Низ Источна Европа и Централна Азија, ИПК 2022 покажа како високата корупција е тесно поврзана со политичката нестабилност, слабите институции и – во најекстремните случаи – насилен конфликт. Во целиот регион, владите ги поткопуваат демократските процеси, го нарушуваат граѓанскиот простор и ги ограничуваат медиумските слободи во магичниот круг на корупција и авторитаризам, оставајќи ги Источна Европа и Централна Азија втор регион со најниски резултати на Индексот на перцепција на корупцијата (ИПК) за 2022 година.
- Најдобри резултати во регионот имаат **Грузија** (ИПК резултат: 56), **Ерменија** (46) и **Црна Гора** (45), додека **Таџикистан** (24), **Азербејџан** (23) и **Туркменистан** (19) имаат најлоши резултати.

# Источна Европа дестабилизирана од војна

Бруталната инвазија на **Русија** (28) на Украина (33) го потресе светот и покажа како вкоренетата корупција ја загрозува регионалната безбедност и стабилност. Претседателот Владимир Путин ја презема контролата преку економска моќ вклучително и со доделување профитабилни деловни зделки на своите блиски соработници - и прогонувајќи ги оние што се спротиставуваат. Сега тој може да го покаже своето влијание и своите геополитички амбиции без внатрешна опозиција.

Последиците за останатиот дел од светот се огромни: конфликтот во Украина предизвика големи политички, економски и безбедносни предизвици низ Источна Европа, и се заканува на напредокот за да се заштити владеењето на правото, борбата против корупцијата и поддршка за стабилно функционирање на демократските институции.

# Западен Балкан
# Дефицитарни демократски процеси и процут на криминалот

- Регионот на Западен Балкан е познат по својата ниска отпорност на организираниот криминал. Земјите бавно се справуваат со овој ризик, а на одговорните институции сѐ уште им недостасуваат соодветни ресурси и независност.

- Во **Северна Македонија** (40) надлежни органи отвораат нови случаи на корупција, но овие чекори во вистинската насока се загрозени поради неефикасното следење на тековните и недостатокот на интегритет при изборот на клучните фигури во судството. За да обезбеди одговорност и да покаже вистинска волја за борба против корупцијата, владата мора соодветно да обезбеди ресурси и да дозволи независност на Комисијата за спречување на корупцијата (ДКСК) и на институциите одговорни за истрага на корупцијата и организираниот криминал.

# Изјава од Претседателката на ТИ- Македонија, Д-р Слаѓана Тасева

Индексот на перцепција на корупцијата за 2022 година за Македонија покажа подобрување за две места. Во споредба со резултатот за 2021 година, резултатот за 2022 година за Северна Македонија е 40 поени од 100, а рангирањето ја позиционира Македонија на 85 место од вкупно 180 држави.

**Резултатот е загрижувачки! Покажува недостаток на интегритет и почитување на законите како и пад на демократските процеси**

Иако се бележи минимално подобрување според ИПК, сепак нашата држава во 2022 година ја одбележаа големи корупциски скандали. Судството и владеењето на правото беа засенети со нови скандалозни обележја меѓу кои и сознанието дека кандидати положиле правосуден испит без притоа да ги исполнат сите законски предвидени услови за полагање на истиот и да ги исполнат сите критериуми. Уште полошо е што овие случаи останаа без разрешница. Разрешувањето на претходниот и изборот на новиот шеф на Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, како и оставката на Претседателката на Судскиот Совет, оставија сомнеж врз доследната примена на новодонесените закони од страна на две институции чија цел е да се грижат за интегритетот на правосудните органи, што дополнително ја намалија довербата на граѓаните во судството на само 4 проценти.

- Активното овозможување да застарат судски предмети за кои се сметаше дека со нивната судска разрешница ќе се востанови владеење на правото после аферата за масовно прислушкување; недостатокот на ефикасност во разрешувањето на случаите кои произлегоа од прислушкуваните разговори; недоволната примена на меркате конфискација и овозможување и натаму непречено да се располага со нелегално стекнат имот; игнорирањето на одлуките на Државната комисија за спречување на корупцијата; овозможувањето на извршување на затворската казна преку промена на живеалиште во друга казнено-поправна установа; се само дел од настаните кои ја обележаа 2022 година и кои сериозно укажуваат на недоволно почитување на законите или нивна примена според потребата на поединци.

- Заслужува да се спомене и скандалот на нелегалното издавање на пасоши на лица поврзани со организирани криминални групи. Овој случај, очигледен пример за организиран криминал, не се расчисти на начин кој ќе обезбеди увереност дека нема да се повтори.

- **Сите овие случаи се само врв од ледениот брег на корупцијата и организираниот криминал, кои и натаму ја држат државата на нивото на недоволна демократија, хибридна и заробена држава.**

**Прашањето: До кога вака? Можат да го одговорат само надлежните институции во власта.**

- Ова прашање станува посериозно кога ќе се има во предвид и повторниот обид да се навлезе во сферата на независноста на медиумите, како и очигледното стеснување на просторот за работа на граѓанскиот сектор. Овие два независни контролори на постапките на власта кои се значајни за секоја демократија, се повеќе го губат значењето и основата за својата работа до степен на игнорирање. На недоволната инклузивност во носење на одлуките и водење на политиките значајни за економијата реагираат и претставниците од бизнис заедницата.

**Благодариме!**
**www.transparency.mk**